Арх. број / nr. Arkivor 05-23605/23- 11
Датум/ Data: 25-10-2023 година

Друштво за промет, трговија и услуги
АБЦ РЕНТ А КАР ТУРС ДООЕЛ
Бр. 88-0308
25.10 2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## За набавка на услуги за изнајмување на возила

**ДЕЛ 1- Изнајмување на возила за потреби за претседавањето на РСМ со ОБСЕ-Министерски совет**

**Склучен помеѓу договорните страни:**

1. **Министерството за надворешни работи,** со седиште на ул. Филип 2 Македонски бр.7, Скопје со ЕМБ 4116569 и даночен број 4030990254118 претставувано од Министерот за надворешни работи Бујар Османи, од друга страна (во натамошниот текст: Договорен орган) и

2. **Друштво за трговија, превоз и услуги "АБЦ РЕНТ А КАР ТУРС ДООЕЛ - Скопје,** со седиште на улица Филип Втори Македонски бр.5 во Скопје со матичен број 6772188 и даночен број 4080012527541, застапувано од Управителот Бранко Рафајловски, во натамошниот текст: Носител на набавката.

**Член 1**

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните односи помеѓу: Договорниот орган и Носителот на набавката, а се однесува за набавка на услуги за изнајмување на возила, **ДЕЛ 1- Изнајмување на возила за потреби за претседавањето на РСМ со ОБСЕ-Министерски совет,** во целост согласно со тендерската документација, техничката спецификација и конечната понуда бр. 05-23605/23-6 од 13.10.2023 год., на Носителот на набавката кои се составен дел на договорот.

**Член 2**

Вкупната вредност на договорот изнесува до **48.000.000,00 денари без ДДВ, односно до 56.640.000,00 денари со ДДВ.**

Договорниот орган нема обврска да ја исполни вредноста од став 1 на овој член.

Единечните цени за услугите предмет на овој договор се содржани во понудата на Носителот на набавката која е составен дел на овој договор.

**Член 3**

Носителот на набавката треба да го обезбеди очекуваниот минимален број на потребни возила за закуп за организирање на настанот во бараниот период на анганжман (од 25 ноември до 3 декември 2023 год.) согласно минималните услови утврдени во описот од техничката спецификација и табелата на понудени возила.

Ако услугата не го задоволува квалитетот дефиниран во тендерската документација и понудата на Носителот на набавката, Договорниот орган ќе побара од Носителот на набавката да ја изврши услугата со договорениот квалитет. Квалитетот го утврдуваат лица овластени од Договорниот орган.

Правото од овој член Договорниот орган го задржува во текот на важноста, односно времетраењето за кое е склучен овој Договор.

**Член 4**

Денот на примопредавање на возилата е 24 ноември 2023 година.

Возилата треба да бидат во техничка исправна состојба, со репрезентативен ентериер и екстериер и со полн резервоар гориво.

Изминатата километражата на ВИП патничките моторни возила-автомобили од ставка 1 од понудата, на денот на примопредавање на истите, не смее да биде поголема од 200.000 километри.

**Член 5**

Носителот на набавката има обврска најдоцна до 01.11.2023 година, да достави конечна листа на сите возила кои ќе бидат ставени на располагање за одржување на настанот-Министерски совет, со важечки македонски сообраќајни дозволи за сите возила со важечка тековна регистрација кој го покрива и периодот на одржување на настанот, потврда дека имаат најмалку каско осигурување со франшиза од 500 евра и потврда дека е извршен редовен сервис во текот на 2023 година, вклучително и потврда од регистриран сервисер дека понудените возила се во техничка исправна состојба.

За возилата кои не се во сопственост на Носителот на набавката, туку се сопственост на други правни или физички лица, Носителот на набавката треба да достави конкретни валидни договори (уредно архивски заверени со потписи, печати и датуми од двете договорни страни) со таквите правни или физички лица (договор за лизинг, договор за изнајмување и слични договори), во кои јасно се гледа дека во периодот на лизинг, изнајмувањето и сл. е опфатен-покриен периодот на одржување на настанот, односно активниот период на изнајмување на возилата од страна на Договорниот орган од 25 ноември до 3 декември 2023 година.

**Член 6**

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши во законски рок, од извршување на услугата, односно доставување на фактура во архивата на Договорниот орган.

Во фактурата давателот на услугата се обврзува одделно да го прикаже данокот на додадена вредност.

Носител на набавката се обврзува во фактурата да го наведе бројот и датумот на овој договор.

**Член 7**

За извршување на договорот за јавна набавка е дозволено авансно плаќање во максимален износ од 20 % од вредноста на договорот со приложување на валидна банкарска гаранција од носителот на набавката во висина на договорениот аванс.

Порамнувањето на исплатениот аванс ќе се изврши со фактурата за реализирани услуги.

**Член 8**

Носителот на набавката гарантира за квалитетно извршување на предметот на договорот, а во случај на недостатоци должен е да ги отстрани на своја сметка, во спротивно Договорниот орган ќе ја активира банкарската гаранција. Носителот на набавката е должен **банкарската гаранција** да ја достави до Договорниот орган заедно со Договорот потпишан и заверен од нивна страна која треба да е со важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка а во висина од 5 % од вредноста на Договорот.

**Член 9**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор, до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбира она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Ако една од договорните страни е спречена во исполнување на утврдените обврски од овој договор заради виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата договорна страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила, договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине спогодбено.

**Член 10**

Времетраењето на Договорот е 4 (четири) месеци од неговото потпишување или до целосна финансиска исцрпеност на вредноста на Договорот.

**Член 11**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска на начин како што е определено со одредбите од овој договор, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската. Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата страна, писмено ќе побара исполнување на обврската и ќе остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна не ја исполнила својата обврска ниту во определениот рок, ниту во дополнителниот примерен рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 12**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Со раскинување на договорот не престануваат обврските за плаќање кои се произлезени од овој договор, со денот на раскинување на овој договор.

**Член 13**

Овој договор може да биде изменет во услови предвидени согласно член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 14**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 15**

Овој договор е составен во 4(четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Член 16**

За се што не е предвидено во овој договор, важат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и позитивните прописи во Република Северна Македонија.

ПО на МНР/me A/ Min:М.Жаку

Изработил/Përpiloi: Р. Рамадани/Remzi Ramadani
Контролирал/Kontrolloi: Д.Ј.Петковска
Согласен/ Me pëlqim: А.Поповски/З.Богоески
Одобрил/Miratoi: Дир. И.Фазлиоски

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| Министерство за надворешни работи | АБЦ Рент А Кар Турс ДООЕЛ Скопје |
| Министер/Ministër | Управител |
| Бујар Османи/Bujar Osmani | Бранко Рафајловски |

1

## ЛИСТА НА ЦЕНИ БЕЗ ДДВ ЗА ЦЕЛОДНЕВЕН НАЕМ НА ВОЗИЛАТА:

1. Цена за Локал- Скопје со возач треба да го опфати и превозот од и до Аеродором Александар Велики каде треба да бидат вклучени и трошоци за патарина.
2. Цените на наем на возило на дестинациите Локал-Северна Македонија и странство со возач треба да ги ги вклучуваат и трошоците за гориво, патарини, зелен картон, санитарни прегледи, ферибрд и возачот (хотелско сместување, исхрана и дневници).
3. Цените за наем на возило на дестинација Локал- Северна Македонија без возач треба да бидат без вклучени трошоци за гориво, патарини и сл., кои се на товар на нарачателот –МНР.
4. Цените на наем на возило на дестинациите во странство без возач треба да бидат без вклучени трошоци за гориво, патарини, санитарни прегледи и фериброд, кои се на товар на нарачателот-МНР.
5. Најповолниот понудувач на е-аукција постигнатото намалување на вкупната цена сметано во проценти, треба пропорционално да го пренесе за секоја ставка поединечно од неговата валидна понуда пред електронската аукција, односно да достави нова понуда во ист формат, а согласно е-аукција.
6. За позициите со коси црти не се поплнува цена односно истите не се изнајмуваат без возач

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
MINISTRIA E PUNËVE TË JASHTME
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / E pranuar | 13-10-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 05- | 23605/23-6 | | |

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број 14565/2023 објавен од страна на Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија, за доделување на договор за **набавка на услуги за изнајмување на возила** со спроведување на отворена постапка со објава на оглас, без спроведување на електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација која ја подигнавме од договорниот орган, ја поднесуваме следнава:

### П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: АБЦ РЕНТ А КАР ТУРС ДООЕЛ
I.2. Контакт информации
- Адреса: ул. Филип Втори Македонски 5
- Телефон: 075 206602
- Факс: 02 3151110
- Е-пошта: contact@abcrentacar.mk
- Лице за контакт: Бранко Рафајловски

I.3. Одговорно лице: Бранко Рафајловски
I.4. Даночен број: 4080012527541
I.5. ЕМБС: 6772188
1.6. Жиро-сметка и депонент на банка: 210067721880138
**1.7. Депонент банка: НЛБ Банка**

**Напомена: За групна понуда се наведуваат називите на сите членови на групата и нивните седишта.**

**1.8. Нашата понудата е составена од:**
- пополнет образец на понуда составен од општиот дел(информации за понудувачот), техничка понуда и финансиска понуда;
- пополнет образец на листа на доверливи информации (ако нема доверливи информации, образецот не мора да се доставува),

- документи за утврдување на причини за исклучување наведени во оваа тендерска документација;
- документ за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност наведен во оваа тендерска документација;
- документ за утврдување на техничка и професионална способност наведени во оваа тендерска документација;
- изјава за сериозност на понудата
- **Прилог 5. Табела на понудени возила за ДЕЛ 1**
- **Прилог 6. ИЗЈАВА ЗА ДЕЛ 1**
- договор за групна понуда (само за група на економски оператори),

1.9. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 114 од Законот за јавните набавки.
1.10. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со цените дефинирани во Листата на цени.

## Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки/**услуги**/работи:
**-Согласни сме да ги понудиме услугите за потребите на Министерството за надворешни работи кои се во согласност со карактеристиките на техничките спецификации дадени во тендерската документација.**

## Дел III – Финансиска понуда

III. 1. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

**ДЕЛ 1- Изнајмување на возила за потреби за претседавањето на РСМ со ОБСЕ-Министерски совет**

| Вид на возило | Поединеч на Количина | Цена со дневен закуп на возило без ДДВ | Очекуван минимален број на закупени возила | Очекуван број на дневни закупи |
|---|---|---|---|---|
| 1. ВИП патничко моторно возило-автомобил, со минимална ширина 1.820 цм, минимална должина од 4.767 цм. Запремината на моторот треба да биде минимум 1.600 цм3, моќноста на моторот треба да биде минимум 120 коњски сили. Задолжително црна боја. Не постари од 2014 год. | 1 | 29.000,00 | 35 возила | Од 7 до 8 дена |
| 2. Патничко моторно возило-автомобил средна класа (лизмузина - не подразбира скратена верзија hatchback), со минимална должина 4.300 цм, минимална ширина 1.780 цм, запремината на моторот треба да биде минимум 1.300 цм3, моќноста на моторот треба да биде минимум 110 коњски сили. Задолжително темна боја (црна, сива, тегет и сл.). Не постари од 2014 год. | 1 | 23.000,00 | 70 возила | Од 7 до 8 дена |
| 3. Мини ван 8 седишта. Не постари од 2012 год. | 1 | 19.200,00 | **35 возила** | Од 7 до 8 дена |
| 4.Минибус од 20 седишта. Не постари од 2012 год. | 1 | 19.200,00 | 15 возила | Од 7 до 8 дена |
| 5.Минибус од 30 до 32 седишта. Не постари од 2012 год. | 1 | 24.000,00 | 10 возила | Од 7 до 8 дена |
| 6.Автобус 50 седишта. Не постари од 2012 год. | 1 | 24.000,00 | 10 возила | Од 7 до 8 дена |
| | Вкупно без ДДВ: | 138.400,00 | | |
| | ДДВ: | 24.912,00 | | |
| | Вкупно со ДДВ: | 163.312,00 | | |

**ДЕЛ 2 –Изнајмување на возила за редовни потреби на МНР**

| Вид на возило | Цена за Локал-Скопје со возач-дневно | Цена за Локал-Северна Македониј а со возач-дневно | Цена за Локал-Северна Македонија без возач-дневно | Цена за странство со возач-дневно | Цена за странство без возач-дневно | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.ВИП патничко моторно возило-автомобил, со минимална ширина 1.820 цм, минимална должина од 4.767 цм. Запремината на моторот треба да биде минимум 1.600 цм3, моќноста на моторот треба да биде минимум 120 коњски сили. Задолжително црна боја. | 9.500,00 | 12.500,00 | 4.000,00 | 11.500,00 | 4.000,00 | 41.500,00 |
| 2.Патничко моторно возило-автомобил средна класа | 8.500,00 | 11.500,00 | 4.000,00 | 11.500,00 | 4.000,00 | 39.500,00 |
| 3.Мини ван 8 седишта | 11.000,00 | 14.000,00 | ///////////////// | 12.000,00 | ///////////////// | 37.000,00 |
| 4.Минибус од 30 до 32 седишта | 15.000,00 | 20.000,00 | ///////////////// | 20.000,00 | ///////////////// | 55.000,00 |
| 5.Автобус 50 седишта | 15.000,00 | 25.000,00 | ///////////////// | 20.000,00 | ///////////////// | 60.000,00 |
| | Вкупно без ДДВ: 233.000,00 | | | | | |
| | ДДВ: 41.940,00 | | | | | |
| | Вкупно со ДДВ: 274.940,00 | | | | | |

**НАПОМЕНА:За позициите со коси црти не се поплнува цена односно истите не се изнајмуваат без возач**

III.2. Вкупната цена на нашата понуда за ДЕЛ 1, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 138.400,00 *[со бројки]* (стотриесетиосумилјадиичетиристотини) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 24.912,00.

III.2. Вкупната цена на нашата понуда за ДЕЛ 2, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 233.000,00 *[со бројки]*(двестатриесетитриилјади) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 41.940,00 денари.

III.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

III.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

III.6. Доколку нашата понуда биде прифатена, се обврзуваме да обезбедиме **Гаранција за квалитетно извршување на договорот** во вид на банкарска гаранција, во износ од **5 % од вредноста на договорот за јавната набавка.**

Место и датум

_______________

Одговорно лице

___________________________

(потпис) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*
***Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице.*

9/14/2023

X Бранко Рафајловски

Бранко Рафајловски
Управител
Signed by: Branko Rafajlovski